ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 5 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на ден 2.4.2025 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за употреба и распоредување на нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје за 2024 година**

**Член 1**

Нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје по Годишната сметка за 2024 година во износ од 108.257.437 денари, се распределува на:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Дел за резерви | ден. | 45.233.884 |
| 2. Дивиденда за обични акции во бруто-износ | ден. | 63.023.553 |

**Член 2**

Дивидендата за 2024 година ќе се исплатува во готово (платежни сметки на акционерите).

**Член 3**

Средствата наменети за дел од плата и награди на членовите на Надзорниот одбор, на менаџментот и на лицата со посебни права и одговорности по основ на деловна успешност кои, во Годишната сметка за 2024 година, во согласност со МСС 19, се вкалкулирани како трошок во износ од 4.106.728 денари, се распоредуваат на следниов начин:
- Дел за награди на членовите на Надзорниот одбор што се исплатува;
- Дел за плата по основ на деловна успешност на менаџментот и на лицата со посебни права и одговорности.

Одборот за наградување на членовите на Надзорниот одбор, Надзорниот одбор и Управниот одбор го извршуваат распоредот на средствата од став 1 на овој член на поединечните членови на Надзорниот одбор, на менаџментот и на лицата со посебни права и одговорности, со посебни одлуки.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**Собрание на акционери на Банката**

**Претседавач**

____________________________

# О б р а з л о ж е н и е

**кон предлог - одлуката за употреба и распоредување на нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје за 2024 година**

Како резултат од работењето во 2024 година, ТТК Банка АД Скопје оствари добивка пред оданочување во износ од 121.793.041 денари. По одбивањето на данокот на добивка во износ од 13.535.604 денари, останува добивка по оданочување во износ од 108.257.437 денари. Се предлага износот на нераспределената добивка од 108.257.437 денари да се распредели дел за резерви и дел за исплата на дивиденда во бруто-износ на обични акции.

1. Во согласност со член 485 од Законот за трговски друштва, Банката е должна да издвои минимум 5 % од добивката за општ резервен фонд, сѐ додека резервите не достигнат износ што е еднаков на една десеттина од основната главнина. Со оваа одлука се предлага Банката да одвои 41,78 % од нето-добивката во износ од 45.233.884 денари и е во согласност со стратешките определби на Банката за одржување на вредноста на капиталот и негово зголемување преку политика на издвојување дел од нето-добивката за резерви и претставува понатамошно зголемување на нивото на вкупен капитал заради понатамошен раст на Банката.

2. Во согласност со член 329 од Законот за трговски друштва, имателите на обичните акции имаат право на сразмерен дел во распределбата на добивката. Притоа, вкупниот износ на делот од добивката за имателите на обични акции се предлага да изнесува 63.023.553 денари со вклучен персонален данок на доход и данок по задршка, каде што е применливо.

3. Во согласност со МСС19, во Годишната сметка за 2024 година е вкалкулиран трошок за исплата како дел од плата и награда по основ на деловна успешност на членовите на Надзорниот одбор, на членовите на менаџментот и на лицата со посебни права и одговорности во висина од 4.106.728 денари. Распоредот на средствата на поединечните членови на Надзорниот одбор, на менаџментот и на лицата со посебни права и одговорности со посебни одлуки го извршуваат Одборот за наградување на членовите на Надзорниот одбор, Надзорниот одбор и Управниот одбор .

Скопје, 27.2.2025 г.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**